На 23 и 24 февруари 2016 година, во Маврово, се одржа работилница на **Локалната советодавна група (**
**ЛСГ**
**) на проектот ТАКСО**
. На работилницата се разговараше за
**реализираните активности на проектот во претходната година**
, за
**контекстот**
во кој делуваат граѓанските организации и за
**планот**
за оваа година.



Според членовите на ЛСГ, **најважните активности** во претходната година биле оние со кои се зајакнувале **капацитетите** на граѓанските организации,
**тематските настани**
кои биле одговор на
**актуелните прашања**
, иницијативата за
**даночните закони**
, обуките за измени на законите релевантни за ГО и предлог одлуката за
**Советот за соработка и дијалог**
.

„ТАКСО реализираше **повеќе активности во однос на претходната година**“, рече **Сунчица Саздевска, советник на проектот**
, „благодарение на зголемените капацитети кои ги добивме со ресурсниот центар воден од МЦМС“. Таа направи и споредба со другите ресурни центри на проектот и додаде дека македонската канцеларијата на ТАКСО спровела
**најмногу активности со најмалку искористени надворешни експерти**

, што е потврда за постоењето на експертиза внатре во ресурниот центар.



Во дискусијата за контекстот, **Ирена Иванова од Делегацијата на ЕУ** истакна дека иднината на прашањата од овозможувачката околина е во вмрежувањето на граѓанските организации. Таа ги информираше присутните за идната поддршка на ЕУ на граѓанскиот сектор. Беа споделени и информациите за поддршката на УСАИД, преку Проектот за граѓанско општество што го спроведува ФООМ и поддршката на СДЦ, преку Цивика мобилитас што ја спроведува МЦМС.

Присутните ги разгледаа предлозите за Планот на ТАКСО за 2016 година и предложија дополнителни активности. Покрај тоа, тие разговараа и за приоритетните теми за настаните од програмата „Луѓе за луѓе“ и за насоките за поддршката на ЕУ на граѓанските организации во земјите на ИПА за периодот 2014-2020. На крај, се дикскутираше за препораките за работата на ЛСГ во 2016 година.